2017

# Годишен извештај

Апелационен суд Битола

Февруари 2018

# С О Д Р Ж И Н А

1.Статистика на предмети --------------------------------------------------------------- 2

2.Човечки ресурси ------------------------------------------------------------------------ 6

3. Усогласување на судската пракса, ставови по оддели и билтен

на судската пракса ---------------------------------------------------------------------- 7

4. Извештај за извршени посети на пониските судови ------------------------ 12

5. Односи со јавност ------------------------------------------------------------------ 14

6. Информатички технологии -------------------------------------------------------- 15

7. Опременост и одржување на зградата на судот ------------------------------ 16

8. Јавни набавки, извршени и планирани ------------------------------------------ 17

9. Извршување на буџетот и финансиска анализа за 2017 година -------- 17

# ИЗВЕШТАЈ

# За работата на Апелациониот суд Битола за 2017 година

## 1.СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

Апелациониот суд во Битола, вршејќи ја Судската власт, како самостоен и независен државен орган во 2017 година преку постапување во конкретни предмети, врз основа на Уставот на РМ, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, процесните и материјалните закони, Законот за судовите, Судскиот деловник, Распоредот за работа и Програмата за работа за 2017 година, обезбеди примена на правото и заштита на човековите слободи и права во рамките на својата надлежност.

Во 2017 година, Судот со ангажирање на вработените, судиите, стручниот кадар и административно - техничкиот персонал, ефикасно и квалитетно ја изврши судската функција и покрај тоа што се соочуваше со проблеми од кадровски карактер:

- Со решение на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-568/1 од 10.04.2017 година, судиите Јоска Матески, Меџит Шазимани и Ристе Ристевски, беа времено упатени за вршење на судска функција во Апелациониот суд Скопје, сметано од 18.04.2017 година за период од 3 месеци од денот на упатувањето. За тој период судиите секој посебно доби во работа и реши по **93 предмети** или вкупно **289 предмети** на Апелациониот суд Скопје. Детални податоци дадени се во ***Табела 1-5*** **.**

- Заради исполнување на услови за старосна пензија, судијата Владимир Радевски со одлука на Судскиот совет на Република Македонија е разрешен на 13.03.2017 година, во претходниот период го искористи правото на користење на денови од годишен одмор.

- Судијата Ружица Иваноска од лични причини беше отсутна два месеци сметано од 01.05.2017 година.

Со оглед на тоа што во Кривичниот оддел согласно Распоредот за работа за 2017 година беа распределени да работат 4 судии за периодот од 01.03.2017 до 01.07.2017 година, во Одделот работеа еден период само двајца судии, а сметано од пензионирањето на судијата Владимир Радевски до изборот на судија во Апелациониот суд Битола на судијата Александар Камбовски и неговото почнување со работа во почетокот на месец декември 2017 година, Кривичниот оддел функционираше и работата ја извршуваа тројца судии.

Според статистичките податоци за бројот на предметите што се во работа во 2017 година во **Кривичниот оддел** се констатира зголемување на новопримени предмети за **224,** во КЖ уписникот за 139 предмети, во ПРКЖ уписникот зголемување за 27 предмети, во КСЖ уписникот за 21 предмет, во КЖМ - уписникот за 19 предмети, а во КР – уписникот за 8 предмети споредбено со 2016 година.

Во **Граѓанскиот оддел** има зголемување на бројот на предмети за вкупно **1085** предмети од кои: во ГЖ- уписникот во однос на 2016 година зголемен е

приливот за 390 предмети, во ТСЖ уписникот за 146, во уписнискот РОЖ за 549 предмети, а во уписникот Р за 37 предмети намален е приливот. Споредбено со 2016 година зголемен е приливот на предмети за вкупно 1309 предмети, кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.

Бројот на предметите Су, ИЗЗ, Су-ДОВ и УПП се зголемени во однос на 2016 за 75 предмети.

**Видно од *Табелата 1-3* за сумарниот преглед на предмети за 2017 година има зголемен прилив на предмети во сите оддели во споредба со 2016 година.**

**Во 2017 година вкупно во работа беа 6943 предмети** кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1096 предмети** од Судската управа.

**Во 2017 година се решија вкупно 6159 предмети**, опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1096** предмети од судска управа.

**Во 2017 година не се реши приливот за 365 предмети и се зголеми остатокот за 352 предмет опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет. Споредбено со 2016 година во ситуација на зголемен прилив на предмети од 1262 предмети, решени се повеќе вкупно 639 предмети.**

**Ваквиот резултат од Работењето на АС Битола, се реализира во услови кога еден судија во почетокот на 2017 година си замина во пензија, а едно судиско место е пополнето со избор на нов судија кој што почна да ја обавува судиската функција во почетокот на месец декември оваа година, така што со оглед на тоа дека се работи за судии кои работат во Кривичниот оддел, Одделот работеше во континуитет поголем период од годината со тројца судии, а во период од два месеци со двајца судиии. Во вакви услови во Кривичниот оддел не се реши приливот за 109 предмети. Имајќи го во предвид фактот дека времено упатените судии за вршење на судската функција во Апелациониот суд Скопје решиле вкупно 289 предмети, очигледна е причината за нерешениот прилив од 365 предмети. Треба да се потенцира дека, со максимална заложба во работењето на судот на сите вработени споредбено со 2016 година, во 2017 година решени се повеќе 639 предмети.**

Во Апелациониот суд Битола вкупно **просечно месечно се решавале по 508,82** предмети без тие на судската управа и без бројот од 289 предмети кои што времено упатените судии ги решија за Апелациониот суд Скопје.

Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно, месечно, сметано за 10,5 месеци оствариле просек на решени предмети **по 28,04 предмети** без тие на судската управа и предметите што ги решиле времено упатените судии во Апелациониот суд Скопје, или во **кривично по 30,31 предмет,** а во **граѓанско по 27,58 предмети.**

На годишно ниво судиите од Граѓанскиот оддел оствариле просек на решени предмети по судија секој по 289, 63 предмет или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Граѓанскиот оддел е 125,38 %, а во Кривичниот оддел судиите оствариле просек на решени предмети по судија

секој по 318,35 предмет или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Кривичниот оддел е 168 %, или на ниво на Суд секој судија остварил просек на решени предмети од по 294,53 предмети, или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма на ниво на суд е 131,58%.

Детални податоци по видови на решени предмети просечно месечно се дадени во ***Табелите 2-1 и 2-2***

## *Квалитет на работа вкупно на Апелациониот суд во Битола*

**Според податоците за вратените предмети од страна на Врховниот суд на РМ**

**Квалитетот на ниво на суд е:**

**потврдени - 135** предмети или **77,58% од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,55%.**

**укинати - 23** предмети или **13,21 %** од **од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,43%.**

**преиначени - 16** предмети или **9,19 % од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,30%.**

**Квалитетот во Граѓанскиот оддел** е следниот:

**потврдени** - **122** предмети или **76,72 % од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,83%.**

**укинати** - 21 предмети или **13,20 % од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,48%.**

**преиначени** - **16** предмети или **10,06 % од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,37%.**

**Квалитетот во Кривичниот оддел** е следниот:

**потврдени** - **13** предмети или **86,66 % од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 1,33%.**

**укинати** - **2 предмети или 13,33% од** вкупно предмети **по кој што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,20%.**

**преиначени – нема.**

Квалитетот на предметите е пресметан во однос на вкупно решените предмети од уписниците за кои е дозволен вонреден правен лек, при што не се вклучени решените предмети од уписниците КР и Р за кои не е дозволен вонредно правен лек

Детални податоци дадени се во ***Табела 3-1 и Табела 3-2*** **.**

На крајот на 2017 година по сите видови предмети вкупно останаа нерешени 784, што според просечно месечно решени предмети по судија од **29,71** предмети, **ваквиот заостаток може да се реши за 1 месец и половина, што е исклучително добар резултат и го прави судот ефикасен.**

**Имајќи ги во предвид статистичките податоци за времетраењето на постапката по завршените кривични и граѓански предмети, с**остојбата на ниво на АС Битола во однос на просекот на **времетраење на постапката** по сите видови е следна:

I. **<u>до еден месец</u>** се решени **2928** предмети или **47,54 %**

II. **<u>од 1 до 3 месеци</u>** решени се **2253** предмети или **36,58%**

III. **<u>од 3 до 6 месеци</u>** се решени **924** предмети или **15 %**

IV. **<u>над 6 месеци</u>** решени се **54** предмети или **0,87 %.**

Во 2017 година на крајот на годината останаа вкупно 66 предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во судот, од кои 57 предмети се кривични, 2 се прекршочни, 5 предмети се граѓански и 2 предмети трговски.

Споредбено со претходната години, бројот на стари предмети е зголемен од 15 на 66 предмети, а како причина за тоа е исклучиво недоволниот број на судии кои што во 2017 година работеа во Кривичниот оддел на Апелациониот суд во Битола. Имено, од 66 предмети, 59 се кривични, а 7 се граѓански предмети. Поголемиот број на стари кривични предмети ќе бидат решени во текот на месец јануари 2018 година. Старите предмети се евидентираат и месечно се следи нивниот број и секој судија за тековниот месец добива податоци колку стари предмети има и одговара за динамиката на нивното решавање.

Детални податоци дадени се во ***Табела 4.***

**Приоритетните предмети** посебно се евидентираат и месечно се следат на начин што секој судија добива од писарницата податок за тоа колку предмети приоритетни има решено во претходниот месец и колку има нерешени на почетокот на месецот.

Како приоритетни се сметаат оние предмети кои како такви се определени во закон и во Судскиот деловник.

Во Апелациониот суд Битола во 2017 година како приоритетни решени биле вкупно 1902 предмет, а останале нерешени 146 предмет на крајот на годината, 63 граѓански предмети и 83 кривични предмети, од кои само 24 приоритетни предмети се постари од 6 месеци.

## 2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2017 година на 1 судија му престана работниот однос по основ на исполнување на услови за старосна пензија, еден судија е избран за судија во Апелациониот суд Битола, на еден судија му мирува местото како член на Судскиот совет избран од судиите во АС Битола.

Во Апелациониот суд Битола во 2017 година се пензионира еден стручен соработник - советник и на еден работник на телефонска централа му престана работниот однос по негово барање.

На крајот на годината заклучно со 31.12.2017 година во судот биле вкупно 76 вработени од кои судии 21 судии заедно со Претседателот на Судот од вкупно предвидените 25 судиски места, судски службеници 52 и други 3 вработени кои вршат помошни и технички работи.

Со Буџетот за 2017 година и со Годишниот план за вработување во АС Битола, како приоритетни вработувања планирани биле: Советник - еден извршител, Самостоен референт - еден извршител, Судски референт - дактилограф - двајца извршители, и оператор на телефонска централа.

Пополнувањето на овие работни места е во согласност со Актот за систематизација во Апелациониот суд Битола, како и бројот на извршители кој се потребни за остварување на работниот процес во судот, па очекуваме дека дел од нив ќе се реализираат во текот на 2018 година.

Обуките на вработените се реализираа согласно Каталогот за обуки на судиите за 2017 и согласно Каталогот на обуки на судските службеници доставен од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, а по претходно прибавени теми кои треба да се опфатат во тековната година. Пријавувањето на обуките судиите и судските службеници го вршеа согласно насоките дадени од Академијата за судии и јавни обвинители, исполнувајќи ги бројот на задолжителните часови за обука.

Сметаме дека во Законот за судска служба и за судските службеници еден број на часови за обука треба да влезат како задолжителни, што значи дека и за нив обуката би била задолжителна .

Обуките на судиите и судските службеници е нивни избор и учествуваат на обуки од кои се стекнуваат со нови знаење посебно во примената на процесното и материјалното право а ефектот од обуки е преточен во квалитетно одлучување и пишување на предметите по жалба.

Од година во година квалитетот на обуките се подобрува, но битно е да се истакне дека ни се потребни квалитетни едукатори од повисоките судови, дека е потребно обуките да се реализираат интерактивно вклучувајќи ги и учесниците на самите обуките, со вежби и сл и на крајот со оценка за успешноста на едукаторите и учесниците.

Безбедносната состојба на вработените Апелационен суд Битола како и на вработените во ВЈО и ОЈО Битола и странките кои доаѓаат во судот е на високо ниво. За тоа се грижат 8 – те судски полицајци кои работаат во смени, од кои 4 во претпладневната смена а по еден попладне и ноќе. Во текот на 2017 година не се случил инцидент кој би ја нарушил безбедносната состојба на што придонесува и

општата безбедносна состојба во која се наоѓа Република Македонија. За тоа придонесуваат и изготвени процедури: процедура за вршење на видео надзор и процедура за евиденција на посетители, кои процедури се дел од Документацијата на системот за упрвaување со ISO 9001 : 2015, кои се строго почитувани од страна на припадниците на судската полиција, како и подзаконските акти за работа на судската полиција

Предметите од поранешните Окружен суд и Окружен стопански суд беа чувани во несоодветни услови и се презеде акција за нивно лачење и одбирање која е при крај, така што оние од трајна граѓа ќе се предадат во Историски архив во Битола а останатите ќе се поништат согласно Плановите и листите за нивно чување. Инаку предметите на Апелациониот суд Битола оние од последните две години се чуваат во судската писарница во соодветни ормари а другите се архивираат на посебно место за архивирање на предмети и по истекот на 5 години се предлагаат за поништување.

Заради обезбедување на физичка сигурност, серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на податоци физички се лоцирани, хостирани и администрирани во сервер салата во судот. Заради обезбедување на физичка сигурност, судот применува мерки и контроли за заштита на просторијата во која се сместени серверите од ризиците во опкружувањето и до неа имаат пристап само овластени лица и истата е обезбедена со клуч.

На друга оддалечена, исто така физички сигурна локација обезбеден е резервен сервер во кој се чуваат резервните копии од сите податоци од работата на судот.

Во судот инсталиран е систем за видео надзор со 10 камери кои го покриваат надворешниот и внатрешниот дел на судот како систем за евиденција на работното време на вработените од судот. Секој вработен има своја лична картичка за евиденција за доаѓање, пауза и заминување од работа за што се води евиденција која секојдневно се ажурира на внатрешната веб страна.

Апелациониот суд Битола располага и со агрегат за напојување со електрична енергија кој во случај на немање на електрична енергија автоматски ги снабдува комјутерите на вработените во судот.

## 3. УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА, ПРАВНИ СТАВОВИ ПО ОДДЕЛИ И БИЛТЕН НА СУДСКА ПРАКСА

Граѓанскиот оддел во текот на 2017 година, одржа вкупно 17 седници на кои беа разгледани 30 правни прашања и беа утврдени 13 заклучоци во врска со правните прашања, кои што беа истакнати на интерната страна на АС Битола. Правните прашања претежно беа иницирани од судиите на овој Оддел, а дел од нив се иницирани од Граѓанските оддели на Основните судови од подрачјето на АС Битола, кои имаа поднесено барање за мислења по одредени правни прашања. Мал дел од правните прашања се иницирани од останатите Апелациони судови во РМ и се однесуваат на прашања кои се разгледуваа на средбите на Апелационите судови одржани на 11 и 12. април 2017 година во

Охрид, и на 23. и 24.11.2017 година во Битола, а исто така беа разгледувани и правни прашања иницирани од страна на Судскиот буџетски совет.

На работната средба на четирите Апелации одржана во Битола на 23. и 24.11.2017 година, на која учествуваа и судии од Врховниот суд на РМ и претставици на Судскиот совет на РМ. На оваа заедничка среба беа разгледани правни прашања од кои дел беа поставени од Граѓанскиот оддел на АС Битола, а претходно за сите прашања Граѓански оддел на АС Битола расправаше и утврди свои заклучоци кои потоа беа презентирани и образложени на заедничката средба.

Исто така, Граѓанскиот оддел разгледуваше и барања од странки упатени до Одделот во врска со одлуки на советите кои одлучувале по слични предмети, а заради воедначување на судската пракса. Беа разгледани разни дописи доставени од Академијата за судии и јавни обвинители и од Врховниот суд на РМ, посебен акцент беше ставен на одредени спорни прашања кои се однесуваа на примената на ЗПП, за кои во текот на 2017 година ќе се организираат посебни обуки за судиите кои работаат на граѓанската материја.

Во рамките на донесената Програма за работа на АС Битола за 2017 година беше утврден и распоред на посети на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд, при што во текот на 2017 година беа извршени посети на Основните судови. На посетите на Основните судови беа разгледувани стари нерешени предмети, а истовремено на заеднички седници со судиите од Граѓанските оддели на Основните судови во кои беше посетата, беа разменети мислења по поставени правни прашања и проблеми со кои истите се срекаваат во секојдневното работење. За извршениот увид на старите нерешени предмети, за причините поради долгото траење по истите, изготвени се писмени извештаи .

Исто така, на седниците на Граѓанскиот оддел, беа разгледувани и вратените одлуки на Врховниот суд на РМ по вонреден правен лек, одбиени и уважени.

На одржаните седници на Граѓанскиот оддел од вкупно разгледаните правни прашања беа утврдени 13 заклучоци и истите беа истакнати и на надворешната и на внатрешната ВЕБ страна на Судот. Донесените правни заклучоци наведени се во делот од Извештајот за работењето на Одделот за судска пракса на Овој суд.

**Во почетокот на 2017 година Кривичниот оддел при Апелациониот суд во Битола работеше со 4 судии,се до март 2017 година кога еден судија замина во пензија, останатиот дел од годината одделот работеше со тројца судии, на крајот на 2017 година избран е еден судија, па Одделот во 2018 година продолжува да работи со четворица судии. Неопходно е потребно да се изврши избор на уште еден судија кој што ќе работи во овој Оддел имајќи ја во предвид надлежноста на Апелациониот суд Битола, како и приливот на предмети во текот на 2017 година.**

Во текот на 2017 година од страна на Кривичниот оддел на АС Битола одржани се 10 седници на одделот. На седниците беа разгледувани прврни прашања од работата на самиот Оддел, беа разгледани вратените одлуки на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавените жалби и вонредните правни лекови, при што особено место и значење е дадено на одлуките со кои беа укинати одлуките на Основните или Апелациониот суд, а на седниците на

кривичниот оддел се разгледуваа и пресудите на Европскиот суд за човекови права од Стразбур. Исто така, на седниците на одделот беа разгледувани и беа давани правни мислења по однос на правни прашања на другите Апелациони судови во РМ, кои потоа беа разгледувани на заедничките средби на четирите Апелациони судови на РМ, која се одржа во Охрид на 12 и 13.04.2017 година и потоа на 23 и 24.11.2017 година во Битола.

При работењето на Кривичниот оддел во текот на 2017 година, беа донесени заклучоци кои што се содржани во извештајот за работа на Одделот за судска пракса на Апелациониот суд Битола.

**Одделот за судска практика** на Апелациониот суд Битола континуирано соработува со Кривичниот и Граѓанскиот оддел, кои својата активност ја реализираат на одржаните седници, на кои се реферирани и правно образложувани конкретните правни прашања и правни ситуации за кои судиите бараат да се усогласи праксата на поодделните совети, како и за примена на одредени измени во процесни и материјални закони кои создаваат дилема во примената во пракса. Во рамки на тие активности, на седници на Граѓанскиот и Кривичниот оддел се разгледувале и се посочувани предмети во кои се заземале различни правни ставови и се носеле различни одлуки по исти или слични правни прашања, заради воедначување на судската пракса. Граѓанскиот и кривичниот оддел во координација со Одделот за судска практика, на одржаните седници, ги поставија на дневен ред сите спорни правни прашања кои се поставени во текот на 2017 година.

Од програмата за работа на одделот за 2017 година, реализирани се следните активности:

1.Во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

2.Во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид издадените билтени на судска пракса на останатите Апелациони судови

3. Заземени се правни ставови и донесени заклучоци на Граѓанскиот оддел по правни прашања иницирани од поодделни судии или совети, како и од основните судови од подрачјето на овој суд, кои се достапни за сите судии во електронска и печатена форма, како следува:

- Тужителот во состојба кога како превозник со тужениот како државно средно училиште склучил Договор за јавна набавка на услуги за превоз на ученици за потребите на музичкото училиште , со определено времетраење, а по истекот на рокот на договорот продолжил со извршување на услугите, а сега тужениот не спротиставил на тоа, но дал премолчна согласност за продолжување на превозот, има право на нодмест за дадената услуга под истите цени како и дотогаш.

- Во постапката пред суд, за да се прифати вештачењето како доказ, доволно е вештакот кој го извршил вештачењето да поседува лиценца за вештачење и да биде запишан во Регистарот за вештаци што го води Министерството за правда на РМ, во смисла на одредбата од чл.236 од ЗПП.

- Рокот за застареност за надомест на штета започнува да тече одново доколку тужбата е поднесена во рок од три месеци од приемот на правосилната пресуда со која е завршена кривичната постапка во која е истакнато оштетено побарување.

- Во постапката по жалба против решенија кога е поднесен одговор на жалбата, не се досудуваат трошоци за одговор, освен во постапката по приговор за неправилности во извршувањето и постапка во спорови поради смеќавање на владение.

- Во постапката кога странките (најчесто тужените) се застапувани од старател и привремен застапник, трошоците на постапката не можат да се досудат директно на старателот односно застапникот.

- Извршителот кога поднесува жалба против решение во постапка по приговор за незаконитости во извршувањето, е таксен обврзник за плаќање судска такса

- Приговорот од член 86 од ЗИ, поднесен од полномошник адвокат кој не ги содржи податоците од член 98 став 3 од ЗПП, треба да биде отфрлен во смисла на член 101 став 3 од ЗПП.

- По Законот за судска служба и Правилникот за организација на работните места во судовите како услов за засновање на работен однос по однос на стручните квалификации за одредени работни места предвидени се два степени на стручна подготовка. Ако работникот засновал работен однос со понизок степен на стручна подготовка и ако во текот на работниот однос се стекнал со повисок степен на образование, бодовите по степенот на образование ќе му се зголемат, како што предвидува и Законот за судска служба.

- Во вонпарнична постапка за утврдување на паричен надоместок за експроприран имот наградата за застапување изнесува 7.000,00 денари согласно чл. 8 точка 1 алинеја 7 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите.

- Трошоците направени за рочиште за објавување на пресудата се потребни трошоци во смисла на чл.149 од ЗПП и истите се досудуваат.

- Во случај кога тужител е едно лице, а тужени се две лица – обични сопарничари, застапувани од еден полномошник-адвокат, а тужителот успее во постапката само према едно лице од тужените, трошоците кои тужителот ќе треба да му ги надомести на лицето према кое не успеа во постапката се досудуваат во висина на половината на трошоците пресметани за двајцата тужени со зголемување за наредно лице.

- За присуство на вештачење на полномошник -адвокат, наградата изнесува како за пишување на писмени состави ( поднесоци), согласно чл.8 т.1 од АТ, со паушал, без вклучена часовнина во наградата.

- Доколку странката се изложи на трошоци за вештачење пред поднесување на тужбата, а противната странка односно должникот ја исполни целата обврска според вештачењето, па поради тоа не е ни поднесена тужба, странката која се изложила на трошоци за вештачење, а за тоа должникот дал повод, има право да ги бара овие трошоци во постапка за надомест на штета, доколку се исполнети законските услови од ЗОО.

4. Заземени се правни ставови и донесени заклучоци на Кривичниот оддел по правни прашања иницирани од поодделни судии како и од основните судови од подрачјето на овој суд, кои се достапни за сите судии во електронска и печатена форма, како следува:

- Ако судот оцени дека нема причини за решителните факти, или дадените причини се нејасни, пресудата ќе ја укине, нема да се врати на предметот на првостепениот суд за извиди. Во таа смисла кога во изводите на потврдите од казнена евиденција не постојат податоци кога пресудите станале правосилни, дали и кога казната е издржана, простена или застарена, што е од влијание за одлучувањето за видот и висината на санкцијата, тоа доведува до укинување на пресудата поради нејасност на пресудата во делот на причините за определување видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција.

- Одредбата од член 104 од ЗКП се однесува на трошоци кои се настанати по сопствена вина, кои што се точно определени во ставот 1, а не на сите трошоци. За овие трошоци по сопствена вина во ставот 3 е определено дека по жалбата против решението за овај вид на трошоци одлучува советот од член 25 став 5 од ЗКП. За сите останати трошоци за кои одлучува судот е определено во член 105 од ЗКП, кој упатува дека за жалбата одлучува второстепениот суд.

- Во прекршочната постапка поведена за прекршок од член 14 став 2 и 3 во врска со став 1 од ЗБСП, описот на прекршокот треба да содржи опис на дејствијата на секој од обвинетите а поради кои се случила сообраќајната незгода и треба да содржи кои се тие итни мерки за отстранување на пречките кои го попречуваат нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот, а кои обвинетите не ги презеле.

- Во прекршочната постапка поведена за прекршок од член 14 став 2 и 3 во врска со став 1 од ЗБСП,судот треба да има во предвид дека Записникот за извршен увид на лице место на настанот на СВР претставува само иницијатива за поведување на инспекциска постапка, во која инспекцискиот орган врз основа на тој записник да изврши инспекциски надзор и да состави записник, при што во овој записник треба да бидат содржани фактите и доказите утврдени при надзорот, врз основа на кои судот ја утврдува фактичката состојба и постоењето на прекршокот

Кога во барањето се предложени докази но истите не се доставени со барањето, подносителот на барањето треба писмено да се повика да го уреди барањето, односно да ги достави доказите, со предупредување дека ако не го уреди барањето, односно ако не ги достави доказите во бараниот рок, судот ќе го отфрли барањето.

5. Почнувајќи од месец Февруари 2017 година е ставена во официјална употреба новата Апликација за судска пракса, со помош на која веќе се внесуваат сентенци изготвени од судии и стручни соработници на овој суд, од референтни одлуки на Апелационен суд Битола, како и на Врховниот суд на Република Македонија, како и други пишани материјали кои се од значење за судската пракса на Овој суд. Под контрола на Претседателот на Оддлеот за судска пракса, во координација со Претседателот на Апелационен суд Битола, се врши редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Апликација.

6. Во библиотеката на судот ќе биде депониран записникот од средбата на четирите апелациони судови што се одржа во Битола на 24 и 25 Ноември 2017

година година, кој е во подготовка, а треба да биде одобрен од страна на сите апелациони судови, учесници на средбата на која Апелациониот суд Битола беше домаќин.

7.Соработката со Одделот за судска пракса на Врховниот суд на Република Македонија во 2017 година не беше на задоволително ниво, заради промените на одговорните судии, но во секој случај комуникации се остваруваа, како и размена на одлуки од судската пракса на двата суда. Претседателот на Одделот за судска пракса на Врховниот суд на Република Македонија судијата Лидија Тасева присуствуваше и активно учествуваше на работната средба на четирите апелациони судови која се одржа во Битола на 24-25 Ноември 2017 година;

8.Библиотеката на судот е збогатена со најнови изданија на закони и друга стручна литература, која се набавува по иницијатива на Претседателот на Судот.

9. Почнувајќи од месец Септември 2017 година, секој месец ( освен во месец Декември 2017 година) во Одделот за судска практика се распоредува по еден стручен соработник, кој ги разгледува сите донесени одлуки од тековниот месец во двата оддели во судот и пристигнатите одлуки од Врховниот суд на Република Македонија, па во координација со Претседателот на одделот за судска пракса, се избираат референтни одлуки и правни заклучоци, ставови и мислења изразени во одлуките, кои во форма на сентенци и извештај за работата на стручниот соработник, изготвуваат и се доставуваат до сите судии. На седница на Оддел – Кривичен или Граѓански, судиите ги разгледуваат предлог сентенците и извештаите, па откако истите ќе бидат одобрени, се објавуваат на интерната страна за судска пракса на овој суд. Истовремено, се иницира и разгледување на одлуки од кои произлегува неконзистентност на судската пракса на овој суд, разлика во одлучувањето за исти или слични правни ситуации и примена на закони. Првичните ефекти од ваквата новина во работата на Одделот за судска пракса се видливи преку можноста на судиите преку извештаите за работа да имаат увид во донесени одлуки од други совети, согледување на евентуални недоследности во примената на Заклучоците на Граѓанскиот и Кривичниот оддел или потребата од донесување на нови заклучоци или правни ставови. Судиите ја прифатија ваквата активност на Одделот за судска пракса како позитивна и пратична за работата на одделите.

10. Издаден е Билтен на судската пракса на Апелациониот суд Битола за период 2015 – 2017 година.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ

**Во 2017 година од Апелациониот суд Битола извршени се посети на Основните судови** на начин и динамика предвидена во Програмата за работа на Судот.

Во 2017 година извршени се по две работни посети на Основните судови, и тоа една работна посета во првото полугодие на сите судови во периодот од 03-ти и 04 - ти месец 2017 година, а во второто полугодие од годината исто така извршени се посети на Основните судови во периодот од 11-ти до 12-ти месец 2017 година. Посетите беа организирани на начин што, работната посета и контролата посебно и во различни денови е извршувана од судиите на

Апелациониот суд во Битола, кои што работаат во Граѓанскиот оддел и посебно во Кривичниот оддел, согласно Календарот за посети изготвен од страна на Претседателите на Кривичниот и Граѓанскиот оддел.

Посетите и контролите се остварија заради следење на работата на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола и давање на стручна помош и согледување на состојбата со старите нерешени предмети.

Судиите при контролата ја согледаа состојбата за старите нерешени предмети и причините за тоа и во нивните извештаи ги наведоа сите битни моменти од приемот на предметот до прегледот на истиот. Во извештаите изготвени од судиите при работните посети, судиите даваа свое мислење, дали има субјективни или објективни причини за одоговлекувањето на постапката и доколку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметите даваа препораки за побрзо решавање на старите нерешени предмети.

При посетите покрај контролата на старите нерешени предмети, судиите даваа правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои е побарана помош од страна на судиите се со цел за надминување на слабостите при решавањето на првостепените предмети.

За извршените посети и превземените дејствија при посетите, секој судија изготви извештај во рок од 8 дена од извршената посета, кој што е доставен до Основните судови, Судскиот совет, Врховниот суд на РМ и Министерството за правда.

На внатрешната web страна на Апелациониот суд Битола има објавено формулар со цел истиот да биде пополнет од страна на судиите во советот кој одлучува за предмет заради утврдени неправилности при постапувањето на првостепениот суд и истиот се доставува до Претседателот на Судот, кој понатаму превзема мерка ваквите појави да се сведат на минимум согласно Законот за управување со движење на предметите во Судовите. Во текот на 2017 година, до Претседателот на Судот на повеќе пати се доставени формулари со забележани неправилности при постапувањето на Основниот суд во Охрид, заради што од страна на Претседателот на Судот и формираната работна група од него, во состав од Судскиот администратор и информатичарот, извршени се прегледи на работењето во Основниот суд Охрид на 09.02.2017, на 23.03.2017, на 15.09.2017 и на 18.12.2017 година.

При овие работни посети беа извршени прегледи на работењето по сите видови на предмети и уписници со цел да се констатира состојбата со примена на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник во Основниот суд и да се види дали е постапено по препораките од претходните посети.

За посетите се изготвени извештаи за состојбата со примена на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник во Основниот суд Охрид, при што е констатирано дека ваквите зачестени посети дадоа свој резултат и воочените недоследности на почетокот на посетите во примената на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник, се претежно надминати.

Исто така, Претседателот на Апелациониот суд во Битола, со работната група изврши работни пости и преглед на работењето по сите видови на предмети и уписници заради констатирање на состојбата со примена на Законот

за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник и во останатите судови од Апелационото подрачје и тоа, двапати во текот на годината, еднаш во првото полугодие, а другата посета ја изврши во второто полугодие.

За состојбата затекната во судовите, изготвени се извештаи и дадени се препораки за надминување на одредени пропусти во работењето.

## 5. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Апелациониот суд Битола поради немање посебна канцеларија и вработен судски службеник за односи со јавноста како канцеларија за таа намена ја користи судската писарница на судот а одговорно лице е Судскиот администратор.

Во текот на 2017 година Судскиот администратор и вработените во судската писарница секој дневно примаа странки и одговараат на прашања врзани со работата на судот, посебно за предмети кои се во работа , за текот на постапката и исходот од истата, истото тоа се чини и по писмен и електронски пат. Вакви барања имаше околу 3425 . Не е мал бројот на странки кои бараат прием кај Претседателот на судот и Судскиот администратор. Некои приеми се остваруваат истиот ден до колку странките не се од Битола, а некои приеми со закажување.

Во 2017 година во судот примени се 4 барања по Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и истите се позитивно решени и за тоа е изготвен годишен извештај согласно чл.37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на 02.01.2018 доставен е до надлежната Комиија.

Во текот на 2017 година на судскиот web портал од страната на судот биле објавени **вкупно 4.918** анонимизирани одлуки.

Беше одбележан Европскиот ден на граѓанската правда 25 Октомври. По тој повод вратите на судот беа отворени за сите граѓани кои имаат потреба од правна помош, да дознаат за работата на судот, надлежноста а беше и организирана и практична обука со студенти.

Апелациониот суд Битола со судовите од другите апелациони подрачја има добра соработка која се остварува преку заеднички средби на Кривичните и на Граѓанските оддели на кој се разгледуваат прашања од интерес на судовите а пред се за изедначување на судската пракса кој заеднички правни ставови и мислења се дадени во Билтените на судовите.

Комуникацијата е постојана и со судовите од Апелационото подрачје Битола, таа се остварува преку средби на Претседателот на судот со претседателите на судовите од ова подрачје, со судските администратори, со информатичарите во разрешување на проблемите кои се однесуваат на старите предмети.

Во текот на 2017 година, на Веб страната на Судот, редовно беа објавувани Календарот на судења, извештаите за работата на Судот, Распоредот за работа на Апелациониот суд Битола и неговите измени, заклучоците донесени

на Граѓанскиот и Кривичниот оддел по спорни правни прашања, заклучоци по спорни правни прашања донесени на Работните средби на четирите Апелациони судови, Билтенот што беше издаден во текот на 2017 година.

## 6. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Функционирањето на судот во делот околу информатичката технологија во текот на 2017 година се одвиваше непречено посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Вработените редовно го користат истиот, а внесените и обработените податоци се пополнуваа целосно и точно. Истиот се користеше редовно за генерирање на најразлични статистички извештаи потребни за месечните, кварталните како и годишните извештаи.

Сметаме дека во  АКМИС системот треба да се премине на изработка на програма за вертикално поврзување на судовите со преземање на податоците од електронското досие на секој предмет во повисокиот суд со што од една страна во голема мерка би се олеснила работата на судовите, а од друга страна што е уште поважно би се добиле точни статистички податоци за работата на судовите, без непотребни грешки при заведувањето на податоците за секој предмет во секоја судска  инстанца одново .

Во судот има две судница во кои е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно ЗПП. Истите редовно се користеа според упатството за тонско снимање и електронски запис на ЦД беше редовно дистрибуиран до странките во постапката.

Електронската достава се одвива непречено, меѓутоа само за адвокатите кои  се регистрирани на порталот за е -достава. Досега не се јавија проблеми околу доставата.

Околу хардверската опрема се соочуваме со проблем во работата поради недоволниот број на компјутери како и застарените компјутери кои се стари повеќе од 10 години и не можат да се носат со денешните побарувања од апликацииите кои секојдневно се користат  во работата. Во неколку наврати е побарано да се обезбедат средства за замена на одамна дотраената опрема но до сега не е направено, со исклучок на 7 компјутери набавени во 2017 година. Во однос на мрежни печатари најголем дел од нив имаат преку 600.000 копии и е потребно нивна замена бидејќи нивното сервисирање не е економски исплатливо.

Во нашиот суд постои интерна web страна која е хостирана на серверот  во судот преку која редовно се известуваат сите вработени за најразлични информации поврзани со секојдневната работа. Ажурирањето на истата се врши секојдневно од страна на информатичарите како и техничкиот секретар на претседателот.

Во функција е порталот на кој се поставуваат и може да се пребаруваат сите анонимизирани  одлуки. Изготвена е нова информатичка програма за Судска пракса, која што од почетокот на 2017 година е во употреба и истата од 2018 година ќе се користи и од Основните судови на Апелационото подрачје со можност да добиваат информации без интервенција во истата.

Со оглед на брзиот раст и подем на информатичката технологија потребно е постојано стручно усовршување како за информатичарите така и за останатите вработени во судот. Само со добра континуирана обука ќе биде можно оптимално и правилно користење на хардверската опрема и софверските алатки во секојдневната работа на судот.

## 7. ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Во Зградата на АС Битола сместени се ВЈО и ОЈО Битола, останува непроменета состојба по однос на одржувањето на објектот и АС Битола комплетно ги поднесува сите трошоци за функционирањето и одржувањето на истиот, сметајќи ги и просториите и трошоците за работењето на двете Обвинителства.

Се надеваме дека, во текот на 2017 година ќе се дислоцираат Обвинителствата од Зградата на АС Битола, со меѓусебна соработка и подршка и помош од Министерството за правда, уште повеќе што со примената на новиот ЗКП и надлежностите на ОЈО Битола, ваквата потреба е уште поголема и очигледно, во овој контекст треба да се напомене дека зголемен е бројот и присуството на странки во зградата, што предизвикува поголема ангажираност на судската полиција и воопшто одржување на тој дел од зградата.

Зградата на Апелациониот суд во Битола е стара зграда, која што е изградена пред скоро 70 години и истата се наоѓа во изворна состојба.

Во претходните години превземени се одредени работи за реконструкција на дел од зградата на Судот, меѓутоа има потреба за реконструкција на зградата во целост, иако истата е тековно одржувана и е во релативно добра состојба. Потребно е да се реконструираат сите канцеларии, да се набави потребен инвентар, бира столици и др. опрема за потребите на вработените.

Неопходна е поправка на фасадата на Судот заради нејзината оштетеност како последица на познатите случувања во текот на 2016 година кога фасадата беше наградена заради протестите кои што се случуваа. На северниот дел од зградата односно северната фасада, неопходно и итно е потребно превземање на одредени дејствија заради спречување на протекување на вода при врнежи преку стакларникот бидејќи, протекувањето на вода е обилно и предизвикува поплавување на скалишниот и визбениот простор.

Исто така, потребна е промена на надворешната дограма на дел од зградата каде што се сместени Основното јавно обвинителство и Вишото јавно обвинителство Битола, која што е во изворна состојба од времето на градбата на зградата и доколку се превземаат дејствија врз фасадата на зградата на Судот, неопходно е потребна промена на таа дограма.

Во 2017 година, извршено е реновирање на салата за состаноци и започнато е реновирањето на двете судници и истото продолжи и во почетокот на 2018 година. Извршено е реновирање на магацинскиот простор и истиот е приспособен за канцелариски простор, а една визбена просторија е приспособена за магацински простор, а друга визбена просторија започна да се приспособува како просторија каде што ќе биде сместен резервниот сервер.

Заради конструкцијата и начинот како е изграден кровот на зградата, има одлична можност во поткровниот простор да се добие квалитетен канцелариски простор исто така и сала за состаноци и дел за архива. Изработен е комплетен проект за оплеменување односно реновирање и опремување на тој дел од зградата согласно кој очигледна е добивката во просторот доколку би се извршила градбата односно реновирањето на тој дел, со што би се решил проблемот на недостаток на канцеларии за вработените, би се добила сала за состаноци и трајно и квалитетно би се решил просторот за архива.

## 8. ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

Во текот на 2017 година согласно Планот за јавни набавки на Апелациониот суд Битола беа реализирани сите набавки во електронска форма согласно Законот за јавни набавки. Иако од страна на Судскиот буџетски совет се планираа набавки на централно ниво посебно за набавките на нафта, тонери, се реализира само групната набавка на хартија.

Донесените одлуки на Претседателот на судот за набавка на тонери, хартија, нафта и осигурување на зградата и основните средства за работа беа реализирани од страна на Комисијата за јавни набавки. Во текот на 2017 година беа реализирани набавки кои се прикажани во ***Табела 5***.

Укажуваме дека планираните средства за набавка на овие стоки и услуги на ставката 423 од буџетот не се доволни за задоволување на потребите за работа на судот, имајќи го во предвид фактот дека години station наназад за оваа намена ни се одобруваат исти или намалени средства, а цените на стоките и услугите се зголемуваат и покрај ригорозните мерки на штедење,од една страна а од друга страна секоја година стартно имавме неисплатени обврски кои го оптоваруваа предвидениот буџет за разлика од оваа 2017 г.

Препорачуваме во 2018 година финансиските средства кои што се неопходни да бидат обезбедени за спроведување на јавни набавки, да се стават на располагање на Судот во првата половина на годината, заради можноста истите да бидат искористени по претходно спроведени постапки за јавни набавки кои што вообичаено се неопходни за функционирањето на судовите

## 9. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА 2017 ГОДИНА

Со извршувањето на буџетот на Апелациониот Суд Битола за 2017 год. ефективно се исполнија дел од целите на буџетската програма и стратешкиот план за оваа година.

Во согласност со насоките од Претседателот на Судот, се рализираа поголеми инвестициски вложувања во Судската зграда во поглед на реновирање на дел од просториите, адаптирање на позиции од зградата за потребите во работењето како и елементарно просторно освежување. Исто така оваа година се

набавени доста солидни збирки стручна литература од земјата и странство, обновен е дел од информатичката опрема и опремата за аудио и видео надзор. Паралелно со спомenатите трошоци како поголеми ставки од расходниот буџет, сите тековни обврски се ралзирaa успешно и во согласност со законските рокови, па со вкупно одобрениот буџет за 2017 год. во износ од 52.904.773,00 ден, успеавме фискалната година да ја завршиме со минимални неизмирени обврски од 158.776,00 кои во суштина се режиски трошоци за 12 месец кои се фактурираат во месец Јануари 2018 год.

Ова е секако резултат на конструктивното менаџирање на вкупните приливи и одливи на средствата од буџетот, со што се постигна најоптимално искористување на буџетските средства и постигнување на ефективни резултати во работењето на Судот како целина.

Следењето и контролата на буџетот беа максимално реализирани од страна на Претседателот на Судот и Судскиот администратор, така што сите финансиски промени се извршени врз основа на претходна анализа на потребите на Судот и во согласност со принципите за рационално трошење.

Детални податоци дадени се во ***Табела 6.***

**Видно од извештајот за работата на Апелациониот суд Битола за 2017 година произлегува заклучокот:**

***Апелациониот суд Битола е ефикасен суд. Предметите во жалбена постапка во најголемиот дел се решаваа во роковите предвидени со закон, Судски деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд Битола за 2017 година.***

***Просечниот квалитет на предмети кои биле по вонредни правни средства е добар.***

**Февруари 2018**
**Битола**

**Претседател на Апелационен суд**
**Елизабета Манели Ташевска**

**Табела 1-1**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2017 ГОДИНА ЗА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 143 | 498 | 175 | | 816 | 564 | 252 |
| КЖМ-кривични предмети спрема малолетници | | 24 | 6 | | 30 | 30 | |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | | 73 | 77 | 2 | 148 | 147 | 1 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 39 | 826 | 187 | | 1052 | 1048 | 4 |
| КР-разни кривични предмети | | 12 | 3 | 4 | 11 | 11 | |
| **ВКУПНО – КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 182 | 1433 | 448 | 6 | 2057 | 1800 | 257 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 80 | 1756 | 909 | 4 | 2741 | 2520 | 221 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 144 | 991 | 125 | | 1260 | 1018 | 242 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 26 | 544 | 263 | 2 | 831 | 767 | 64 |
| Р-разни граѓански предмети | | 55 | | 1 | 54 | 54 | |
| **ВКУПНО – ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 250 | 3346 | 1297 | 7 | 4886 | 4359 | 527 |
| **ВКУПНО** | 432 | 4779 | 1745 | 13 | 6943 | 6159 | 784 |

**Табела 1-2**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 2 | | 2 | 2 | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| СУ-ИЗЗ Иземање на судии и претседател | | 190 | | 190 | 190 | |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 12 | | 12 | 12 | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 4 | | 4 | 4 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 78 | | 78 | 78 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 103 | | 103 | 103 | |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | | 320 | | 320 | 319 | 1 |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 30 | | 30 | 30 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 356 | | 356 | 356 | |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | 2 | | 2 | 2 | |
| **ВКУПНО** | | **1097** | | **1097** | **1096** | **1** |

**Табела 1-3**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ СПОРЕДБЕНО 2016 И 2017 ГОДИНА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| (претходна година) | 172 | 534 | | 706 | 563 | 143 |
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 143 | 673 | | 816 | 564 | 252 |
| (претходна година) | | 11 | | 11 | 11 | |
| КЖМ-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ | | 30 | | 30 | 30 | |
| (претходна година) | | 129 | | 129 | 129 | |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | | 150 | 2 | 148 | 147 | 1 |
| (претходна година) | 44 | 986 | | 1030 | 991 | 39 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 39 | 1013 | | 1052 | 1048 | 4 |
| (претходна година) | | 7 | | 7 | 7 | |
| КР-РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ | | 15 | 4 | 11 | 11 | |
| (претходна година) | 322 | 2275 | 6 | 2591 | 2511 | 80 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 80 | 2665 | 4 | 2741 | 2520 | 221 |
| (претходна година) | 40 | 567 | 1 | 606 | 462 | 144 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 144 | 1116 | | 1260 | 1018 | 242 |
| (претходна година) | 81 | 661 | | 742 | 716 | 26 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 26 | 807 | 2 | 831 | 767 | 64 |
| (претходна година) | | 92 | 2 | 90 | 90 | |
| Р-РАЗНИ ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ | | 55 | 1 | 54 | 54 | |
| (претходна година) | **659** | **5262** | **9** | **5912** | **5480** | **432** |
| **ВКУПНО** | **432** | **6524** | **13** | **6943** | **6159** | **784** |

**Табела 1-4**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | | 2 | | 2 | 2 | |
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 2 | | 2 | 2 | |
| 2016 | | 1 | | 1 | 1 | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| 2016 | | 167 | | 167 | 167 | |
| СУ-ИЗЗ Изземање на судии и претседател | | 190 | | 190 | 190 | |
| 2016 | | 8 | | 8 | 8 | |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 12 | | 12 | 12 | |
| 2016 | | | | | | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| 2016 | | 8 | | 8 | 8 | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 4 | | 4 | 4 | |
| 2016 | | 49 | | 49 | 49 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 78 | | 78 | 78 | |
| 2016 | | 94 | | 94 | 94 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 103 | | 103 | 103 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | | **393** | | **393** | **393** | |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | | **320** | | **320** | **319** | **1** |
| 2016 | | 31 | | 31 | 31 | |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 30 | | 30 | 30 | |
| 2016 | | 262 | | 262 | 262 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 356 | | 356 | 356 | |
| 2016 | | 6 | | 6 | 6 | |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | 2 | | 2 | 2 | |
| **2016** | | **1021** | | **1021** | **1021** | |
| **ВКУПНО** | | **1097** | | **1097** | **1096** | **1** |

**Табела 1-5**

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ КОИ БЕА ВРЕМЕНО УПАТЕНИ НА РАБОТА ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ за период 18.04.2017-18.07.2017

| СУДИЈА | ГЖ | | ТСЖ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРИМЕНИ | РЕШЕНИ | ПРИМЕНИ | РЕШЕНИ | ПРИМЕНИ | РЕШЕНИ |
| Јоска Матески | 63 | 62 | 30 | 30 | 93 | 92 |
| Меџит Шазимани | 63 | 63 | 30 | 29 | 93 | 92 |
| Ристе Ристевски | 63 | 63 | 30 | 30 | 93 | 93 |
| **ВКУПНО** | **159** | **188** | **90** | **89** | **279** | **277** |

| ISO 9001 : 2015 | *ФОРМУЛАР* | **ФК 8.5/13-2**<br>Верзија: 1 |
|---|---|---|
| **Апелационен Суд Битола** | **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ** | Дата: 05.12.2017<br>Страна 7 од 20 |

**Табела 2-1**

# Т А Б Е Л А

## За вкупната работа на Претседателот и судиите во Апелациониот суд Битола за 2017 година

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРКЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззема. УПП, СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ЕЛИЗАБЕТА МАНЕЛИ ТАШЕВСКА** | | | | | | | | | | | | | | | | | 1096 | 104,38 | | | **10,5мес. 104,38** |
| **ВЛАДИМИР РАДЕВСКИ** | 12 | 12 | 7 | 7 | | | | | 0,6 | 0,6 | | | | | | | | | | | **1 мес. 19,6** |
| **ЉИЉАНА ЧОЧКОВСКА** | 190 | 18,09 | 121,66 | 11,58 | 6 | 0,57 | | | 11 | 1,04 | | | | | | | | | | | **10,5мес. 31,3** |
| **РУЖИЦА ИВАНОСКА** | 161 | 16,94 | 103,66 | 10,91 | 1 | 0,10 | 29 | 3,05 | 5,6 | 0,58 | | | | | | | | | | | **9,5 мес. 31,6** |
| **АНИТА МИЛОШЕВСКА** | 191 | 18,19 | 114,66 | 10,92 | 3 | 0,28 | 1 | 0,09 | 12 | 1,14 | | | | | | | | | | | **10,5мес. 30,63** |
| **АЛЕКСАНДАР КАМБОВСКИ** | 10 | 10 | 2,33 | 2,33 | 1 | 1 | | | 0,2 | 0,2 | | | | | | | | | | | **1мес. 13,53** |
| **ЉУБОМИР БОШЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 195 | 18,57 | | | 65 | 6,19 | | | 7 | 0,66 | **10,5 мес. 25,42** |
| **ПЕТРЕ СРБИНОВСКИ** | | | | | | | | | | | 221 | 21,04 | | | 59 | 5,61 | | | 2 | 0,19 | **10,5 мес. 26,66** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРЖ | | | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззем.УПП СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | | | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ПЕТКАНА ЈАДРОВСКА** | | | | | | | | | | | 2 | 0,19 | 308 | 29,33 | 2 | 0,19 | | | | | **10,5 мес. 29,71** |
| **ТАТЈАНА СУСУЛЕСКА** | | | | | | | | | | | 198 | 18,85 | | | 51 | 4,85 | | | 4 | 0,38 | **10 мес. 25,3** |
| **ЈОСКА МАТЕСКИ** | | | | | | | | | | | 163 | 21,73 | | | 43 | 5,73 | | | 4 | 0,38 | **7,5мес. 28** |
| **ВАСИЛ БАТКОСКИ** | | | | | | | | | | | 210 | 20 | | | 55 | 5,23 | | | 8 | 0,76 | **10,5мес. 26** |
| **ЛИЛЕ НАУМОВСКА** | | | | | | | | | | | 224 | 21,33 | | | 70 | 6,66 | | | 4 | 0,38 | **10,5мес. 28,38** |
| **МЕЏИТ ШАЗИМАНИ** | | | | | | | | | | | 137 | 18,26 | | | 44 | 5,86 | | | 5 | 0,66 | **7 мес. 26,57** |
| **ВИОЛЕТА КОСТОВСКА** | | | | | | | | | | | 125 | 11,9 | 131 | 12,47 | 54 | 5,14 | | | | | **10,5мес. 29,52** |
| **РИСТЕ РИСТЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 153 | 20,4 | | | 52 | 6,93 | | | | | **7,5мес. 27,33** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | | | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| АЦЕ БАКИЕВСКИ | | | | | | | | | | | 210 | 20 | | | 62 | 5,9 | 4 | 0,38 | 10,5мес. 26,28 |
| НИКОЛА КРСТЕСКИ | | | | | | | | | | | 213 | 20,28 | | | 67 | 6,38 | 9 | 0,85 | 10,5мес. 27,52 |
| СЛАВИЦА МИРКОВСКА | | | | | | | | | | | 1 | 0,09 | 313 | 29,8 | | | | | 10,5мес. 29,9 |
| БОШКО БОГДАНОВСКИ | | | | | | | | | | | 32 | 3,04 | 266 | 25,33 | 12 | 1,14 | | | 10,5мес. 29,52 |
| ЖАКЛИНА ДОВЕДЕН | | | | | | | | | | | 226 | 21,52 | | | 69 | 6,57 | 4 | 0,38 | 10,5мес. 28,47 |
| ПАКИЗЕР АЛИОСКА | | | | | | | | | | | 210 | 20 | | | 62 | 5,9 | 3 | 0,28 | 10,5мес. 26,19 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО - Месечен просек на АС-Битола Без Претседателот на суд** | 564 | 53,71 | 1048<br>349,31 | 33,26 | 11 | 1,04 | 30 | 2,85 | 147<br>29,4 | 2,8 | 2520 | 240 | 1018 | 96,95 | 767 | 73,04 | **54** | **5,14** | **5342,71<br>508,82** |
| **ВКУПНО – Месечен просек по судија Без Претседателот на суд** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **508,82<br>28,04** |
| **ВКУПНО –Месечен просек по судија од Граѓанска материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **415,14<br>27,58** |
| **ВКУПНО-Месечен просек по судија од Кривична материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **93,68<br>30,31** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Табела 2-2**

## ВКУПНО ОСТВАРЕНА ГОДИШНА ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА

| ОДДЕЛ | Предвидена просечна годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона предмети по судија | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|
| Граѓански оддел | 3476,55 | 4359 | 289,63 | **125,38%** |
| Кривичен оддел | 584 | 983,71 | 318,35 | **168%** |
| ВКУПНО | **4060,55** | **5342,71** | **294,53** | **131,58%** |

*** Во вкупниот број на решени предмети од Кривичен оддел, прекршочните предмети се вклучени во однос 3 прекшочни предмети за 1 кривичен предмет, а предметите од Кривичен совет во однос 5 за 1 кривичен премет, поради наоѓање на соодветен просек во кривичниот оддел согласно ориентационата норма за 2017 годин*

**Табела 3-1**

## КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2017 година

| Апелационен суд Битола | Вкупно решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 4305 | 122 | 2,83% | 21 | 0,48% | 16 | 0,37% |
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 972,71 | 13 | 1,33% | 2 | 0,20% | | |
| **ВКУПНО:** | **5277,71** | **135** | **2,55%** | **23** | **0,43%** | **16** | **0,30%** |

**Во вкупниот број на решени предмети не се пресметани решените предмети од уписниците КР и Р по кои не е дозволен правен лек*

*** Во вкупниот број на решени предмети од Кривичен оддел, прекршочните предмети се вклучени во однос 3 прекшочни предмети за 1 кривичен предмет, а предметите од Кривичен совет во однос 5 за 1 кривичен премет, поради наоѓање на соодветен просек во кривичниот оддел согласно ориентационата норма за 2017 година*

**Табела 3-2**

## ВКУПНО ВРАТЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД ВРХОВЕН СУД
## ЗА 2017 година

| МАТЕРИЈА | ПО ВОНРЕДНО ПРАВЕН ЛЕК | ВРАТЕНИ- | ОДБИЕНИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ УКИНАТИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ ПРЕИНАЧЕНИ | ПРОСЕК | ОТФРЛЕНИ | НА ДРУГ НАЧИН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАЃАНСКО** | 172 | 210 | 122 | 76,72% | 21 | 13,20% | 16 | 10,06% | 51 | |
| **КРИВИЧНО** | 21 | 21 | 13 | 86,66% | 2 | 13,33% | | | 4 | 2 |
| **ВКУПНО:** | **193** | **231** | **135** | **77,58%** | **23** | **13,21%** | **16** | **9,19%** | **55** | **2** |

**Просекот е пресметан во однос на вкупно вратените предмети од ВСРМ (одбиени +укинати +преиначени) за секоја материја поединечно*

**Табела 4**

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

## ВО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

### - КРИВИЧНО -

| УПИСНИК | до 1 мес | над 1 до 3 мес. | над 3 мес. |
| --- | --- | --- | --- |
| КЖ | 117 | 100 | 347 |
| КЖМ | 27 | 3 | |
| КСЖ | 141 | 6 | |
| ПРКЖ | 438 | 545 | 65 |
| КР | 11 | | |

## - ГРАЃАНСКО -

| СПОРНИ | | | | | НЕСПОРНИ | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. | вид | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. |
| ГЖ | 842 | 542 | 201 | 36 | ГЖ | 677 | 174 | 37 | 4 |
| РОЖ | 81 | 712 | 196 | 1 | РОЖ | 28 | | | |
| ТСЖ | 87 | 60 | 8 | 5 | ТСЖ | 418 | 111 | 70 | 8 |
| Р | 25 | | | | Р | 29 | | | |

## ВКУПНО ПО СИТЕ ВИДОВИ

| до 1 месец | од 1 - 3 месеци | од 3 - 6 месеци | над 6 месеци |
| --- | --- | --- | --- |
| 2928 | 2253 | 924 | 54 |
| 47,54% | 36,58% | 15% | 0,87% |

**Табела 5**

## Јавни набавки во 2017 година планирани и извршени

| рб | Број на оглас | Вид на договор за јавна навбавка | Име на носителот на набавката | Вредност на договорот | Број на договорот и датум | Реализација во пари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1/17 | Осигурување | Винер –Виена иншуренс Груп-Скопје | 129.465,00 ден. | Су.бр.02-6/2017 од 06.02.2017 год. | 129.465,00 ден. |
| 2 | 3/17 | Групна јавна набавка-хартија | З.Д.Печатница Б.Д.ДОО Битола | 55.824,00 ден | Су.бр.02-17/2017 03.03.2017 год. | 55.824,00 ден. |
| 3 | 4/17 | Здравствен преглед | ПЗУ медика Скопје | 65.600,00 ден. | Су.бр.02-19/2017 од 13.03.2017 год. | 65.600,00 ден. |
| 4 | 5/17 | Тонери | АСКОМ ДОО Скопје<br><br>Техно шоп ДООЕЛ Гевгелија | 88.972,00 ден.<br><br>3.256,00 ден | Су.бр.02-9/2017 од 22.03.2017 год.<br>Су.бр.02-9/2017 од 22.03.2017 год. | 88.972,00 ден.<br><br>3.256,00 ден. |
| 5 | 6/17 | Мултифункционален мрежен принтер | ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје | 31.900,00 ден | Су.бр.02-60/2017 од 18.09.2017 год. | 31.900 ден. |
| 6 | 7/17 | Екстра лесно масло за греење | ДПТУ Пуцко петрол ДООЕЛ С.Пласница | 799.977,50 ден. | Су.бр.02-78/2017 од 05.12.2017 год. | 799.977,50 ден. |
| 7 | 9/17 | Персонални компјутери | ИНФОТЕХНИКА Битола | 243.075 ден | Су.бр.02-87/2017 од 19.12.2017 год. | 247.075,00 ден. |

**Табела 6-1**

# 8. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

Во врска со планираните и направените трошоци на судот табеларно е дадена проекција на приходите и расходите за 2017 година и тоа:

| ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ | ЗА 2017 ГОДИНА | ОДОБРЕНИ ПО БУЏЕТ 2017 | НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ-НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2017год. | ВКУПНО ОДОБРЕНИ И НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2017 | РАЗЛИКА (+ -) СО ПЛАНИРАН БУЏЕТ ЗА 2017 год.. |
|---|---|---|---|---|---|
| **40-ПЛАТИ** | **53.792.000** | **46.586.827** | **3.921.655** | **50.508.482** | **- 3.283.518** |
| 401 ОСНОВНИ ПЛАТИ | 38.685.000 | 34.009.490 | 2.620.417 | 36.629.907 | -753.855 |
| 402- ПРИДОНЕСИ | 19.022.000 | 12.577.337 | 1.301.238 | 13.878.575 | -5.143.425 |
| **42 – СТОКИ И УСЛУГИ** | **7.177.000** | **5.237.786** | **158.776** | **5.396.562** | **- 1.780.438** |
| 420- ПАТНИ И ДНЕВНИ | 50.000 | -- | -- | -- | - 50.000 |
| 421- КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ГРЕЕЊЕ | 4.677.000 | 3.201.397 | 158.776 | 3.360.173 | - 1.316.827 |
| 423- МАТЕРИЈАЛИ | 770.000 | 802.859 | -- | 802.859 | +32.859 |
| 424- ПОПРАВКИ И ТЕК. ОДРЖУВАЊЕ | 1.000.000 | 640.108 | -- | 640.108 | - 359.892 |
| 425 – ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 530.000 | 523.803 | -- | 523.803 | - 6.197 |
| 426- ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 150.000 | 69.619 | -- | 69.619 | - 80.381 |
| **46 – РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | **150.000** | **772.486** | **--** | **772.486** | **+ 622.486** |
| 464- РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | 150.000 | 772.486 | -- | 772.486 | + 622.486 |

| | | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **48 – КУПУВАЊЕ ОПРЕМА** | **20.300.000** | **307.674** | **--** | **307.674** | **-19.992.326** |
| 480 – КУПУВАЊЕ ОПРЕМА | 1.750.000 | 307.674 | -- | 307.674 | - 19.992.326 |
| 481- ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 16.780.000 | -- | | | |
| 481-КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ | 170.000 | -- | | | |
| 486-КУПУВАЊЕ НА ВОЗИЛА | 1.600.000 | -- | | | |
| | | | | | |
| **ВКУПНО:** | **81.419.000** | **52.904.773** | **4.080.431** | **56.985.204** | **- 24.433.796** |

**Табела 6-2**

**ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ЗА НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ- ЗАДОЛЖЕНОСТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА И ПЛАН ЗА ОТПЛАТА НА ДОЛГОВИТЕ ЗА 2018 год.**

| **НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ-НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ** | | **ПЛАН ЗА ОТПЛАТА НА ДОЛГОТ** |
| --- | --- | --- |
| 401+402-ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ ПЛАТА ЗА 12 мес. 2015 | 3.921.655 | Исплата на плата за 12/17 на 10.01.2018 |
| 420 – ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | -- | |
| 421- КОМ.УСЛУГИ ГРЕЕЊЕ И ТРАНСПОРТ | 158.776 | Режиски трошоци за месец 12.2017г. – исплата јануари-2018 |
| 423 – МАТЕРИЈАЛИ | | |
| 424- ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | | |
| 425- ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | | |
| 426- ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | | |
| 464 – РАЗНИ ТРАНСФЕРИ/отпремнина и сл.помош / | | |

НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ / 401 + 402/ ПЛАТА 12/2017 - ВКУПНО ........3.921.655
НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ / 420-464 / .................................. ....... 158.776
**ВКУПНО ...................................................... 4.080.431**

**Табела 6-3**

| **Реден Број** | **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА 2016** | | **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА 2017** | **НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ 2018 год.** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 401- плати и надоместоци | 34.575.228 | 34.009.490 | 2.620.417 |
| 2 | 402- придонеси | 13.001.790 | 12.577.337 | 1.301.238 |
| 3 | 420- патни трошоци | 5.562 | -- | -- |
| 4 | 421- комунал.услуги греење | 2.799.999 | 3.201.397 | 158.776 |
| 5 | 423- материјали | 514.788 | 802.859 | |
| 6 | 424- поправки и тек.одрж. | 269.387 | 640.108 | -- |
| 7 | 425- договорни услуги | 164.542 | 523.803 | -- |
| 8 | 426- други тековни расходи | 43.902 | 69.619 | -- |
| 9 | 464- разни трансфери | 1.031.973 | 772.486 | -- |
| 10 | 480 – капитални расходи | 110.915 | 307.674 | -- |
| | **ВКУПНО** | **52.518.086** | **52.904.773** | **4.080.431** |

| | **2016 год.** | **2017 год.** |
|---|---|---|
| 198 -Неизмирени обврски спрема добавувачи и други граѓани | 345.644 | 158.776 |
| Просечен број на вработени | 79 | 76 |

**Табела 6-4**

**СМЕТКА 290100060463114 СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА 2016**

| | **Проекција за приходи и расходи за 2017** | | | **Планирани расходи за 2017** | | | **Остварени приходи за 2017** | | | **Направени расходи за 2017** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 724 | приходи од паушали | 220.000 | 423 | Материјали | 100.000 | 724132 | Приходи од паушали | 139.125 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 21.029 |
| 2 | 725 | Приходи од осигурување и останати неданочни приходи | 150.000 | 424 | Договорни услуги | 120.000 | 725922 | Приходи од осигурување на имот | 14.766 | 424 | Поправки и тековно одржување | 125.417 |
| 3 | 741 | Салдо од претходна година | 50.000 | 425 | Други оперативни расходи | 200.000 | 725939 | Други неданочни приходи | 13.860 | 425 | Договорни услуги | 114.995 |
| | | | | | | | 741114 | Салдо од претходна година | 289.946 | | | |
| **Вкупно** | | | **420.000** | | | **420.000** | | | **457.697** | | | **261.441** |